

Васил Чакаларов (с.Смредеш, Костурско, 22.02.1874 – Костурско, 9.VII.1913) – македонски револуционер, војвода, учесник во Илинденското востание. Тој е еден од најзначајните војводи на Македонската револуционерна организација и најголемите легенди од Илинденското востание. Завршил прогимназија. Бил близок соработник и пријател со Гоце Делчев. Во 1900 година Борис Сарафов го испратил во Грција за организирање канал за испраќање оружје и муниција за потребите на ТМОРО. Поставен е за костурски војвода во 1901 година, а како член на Костурското горско началство учествувал на Смилевскиот конгрес во 1903 година. Во Илинденското востание ја раководел најголемата чета од 2.000 востаници. Учествувал при ослободувањето на Клисура и на Невеска и во борбите кај с. Вишени,Костурско-леринскиот регион. По Востанието, со чета се борел против андартите и против грчката пропаганда во Костурско. Во Првата балканска војна (1912) со чета дејствувал во задницата на османлиските сили. Во Втората балканска војна дејствувал во задницата на грчката армија и загинал кај месноста „Лакото“ на планината Вичо, Костурско.

Васил Христов Чакаларов е роден на 22.02.1874 година во Костурското село Смрдеш. Своето образование го започнал во грчко основно училиште. Но на негово инсистирање, набрзо татко му го префрлил да учи во егзархиско училиште, каде завршил четвртото одделение. Во меѓувреме, работел со својот татко, на повеќе градби во Грција. Во 1893 година бил осуден и лежел во Корчанскиот затвор.По успешното бегство во 1894 година, заминал во Бугарија, каде работел како чевлар, каменоделкач и зидар, а за време на неговиот престој во Шумен, завршил и Вечерна гимназија.

Васил Чакаларов во 1901 година се населил во Софија и се вклучил во активностите на

Костурското добротворно друштво, како дел од Македонскиот комитет. Станал претседател на Друштвото и близок пријател со Борис Сарафов. Тој ја помага революционерната активност на Македонската револуционерна организација и заедно со Лазар Киселинчев ги организирал каналите за купување и пренесување на оружје за Организацијата. Оружјето го набавувал со итрина од Грците, кои не сакале да им го продаваат на Македонците. За да може да ја спроведе набавката, добро познавајќи го албанскиот јазик, тој се претставувал како Албанец.

По избувнувањето на Иванчовата афера, по која турските власти го конфискувале оружјето и уапсиле стотина дејци на Македонската револуционерна организација во Костурско, на барање на Битолскиот окружен револуционерен комитет, во Костурскиот револуционерен реон бил испратен Васил Чакаларов Тој го ликвидира грчкиот шпион, гркоманот Цеман од село Д'мбени и на Панде Кљашев и Лазар Москов им помага во обновување на револуционерната активност.

Кон крајот на 1901 и почетокот на 1902 година, Костурскиот реон го обиколил Гоце Делчев и со својата чета го одржал „вишиот агитационо-организациски курс“. Откако ја завршиле обуката за месни раководители биле поставени Васил Чакаларов, Пандо Кљашев, Лазар Москов, Лазар Поп Трајков, Кузман Стефов и Михаил Николов. Истовремено Васил Чакаларов бил задолжен да продолжи со набавката на оружје. Тој ќе го спроведе задолжението, а со последната испорака од Грција ќе завршат основните набавки на оружје за Костурско-леринскиот регион.

Во август 1902 година во селото Ошчима, здружените костурски чети под водство на Чакаларов ќе се судрат со четата на арамијата Коте Христов, кој еднаш веќе бил осуден од Организацискиот одбор на смрт, но помилуван од страна на Гоце Делчев. Во септември истата година, со раководството ќе го спречат предвременото востание кои по налог на ВМОК го подготвувале полковникот Атанас Јанков и Коте Христов.



TCHAKALÁROFF, COMMANDER OF THE SOUTHERN INSURGENT CORPS, TAKEN DURING THE OCCUPATION OF KLISSOURA, 1903

[illegible]